| **Седмица: 9** **Час:** 8<br>**Датум:** | | | **Тема** 2: **Работа со текст**<br>**Наставна единица: Уредување страница** | | | **Одделение:**<br>IV |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности – Опис | Активности – Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| 5 мин. | Да се оспособи за уредување на страница | **Сите можат:**<br>да препознаат различна ориентација на листот | Како би го поставиле листот ако треба да нацртаме ваза со цвеќе или автомобил – хоризонтално или вертикално? Се поведува дискусија од што зависи како треба да биде поставена хартијата.<br>Најава на целта на часот: На овој час ќе учиме како се уредува изгледот на страната од документот. | З<br>метод на разговор | Детски компјутери<br><br>LCD проектор<br><br>Учебник | Дискусија |
| 30 мин. | | **Повеќето можат:**<br>да уредуваат страница (менуваат формат, ориентација, маргини, подлога, подножје, заглавие и сл.) | • Демонстрирам уредување изглед на страница.<br>- Ја отворам локацијата Форматирај > Страница. Во овој дијалог – прозорец има повеќе јазичиња, а ние ќе ги користиме следните:<br>- Страница – таму определуваме колку сакаме да е голем листот, ориентацијата и маргини на листот (објаснување на зборот маргини).<br>- Подлога – определуваме боја на позадината.<br>• Активности на учениците. Работа во парови.<br>- Активност бр. 1: Отвораат еден документ и треба да ја уредат страницата со хоризонтална ориентација (пејзаж) и да нацртаат форми по нивен избор. Формите да ги обојат со жолта боја, а страницата со сина боја.<br>- Активност бр. 2: Отвораат нов документ, страната треба да има вертикална ориентација, да одберат маргини на листот 3cm, да внесат своја слика, под неа да го напишат своето име и презиме и да го зачуваат документот под име moja licna karta. | З<br>метод на демонстрација<br><br>П<br>метод на работа со компјутер | | Набљудување<br><br>Изработен документ |
| 5 мин. | | **Некои можат:**<br>да објаснат како се уредува страница | Учениците објаснуваат што работеле на овој час, со какви потешкотии се сретнале и заеднички дискутираме за нивното решение. | З<br>метод на објаснување | | Дискусија |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: Дискусија за ориентација на страницата<br>Главен дел: Активности за уредување страница, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: Резимирање на наученото | | | Да менуваат особини на страната (формат, ориентација, маргини, подлога, подножје, заглавие и сл.) на постоечки документ. | | | Уредување страница, ориентација, вертикална, маргини. |

obrazovanie.literatura.mk